МЕД македонско еколошко друштво
ИНФОРМАТОР #20
август 2013

# Откажана идејата за прогласување Заштитен предел „Осогово"!

Во рамките на проектот „Прекуграничен Биосферен резерват Осогово", МЕД организираше студиско патување за членовите на Координативното тело за управување со процесот за прогласување на заштитено подрачје/а, во општина Петрич и паркот на природа (ПП) „Беласица", во јули 2013 година. Учесници беа осумте градоначалници од осоговскиот регион, директорот на Управата за животна средина и државниот секретар при МЖСПП, други претставници од оваа институција, помошник – директорот на секторот за користење на други шумски производи и заштита на животна средина – екологија при Јавното претпријатие „Македонски шуми", бугарските партнери на МЕД – Бугарската фондација за биодиверзитет (ББФ) и стручни лица од Бугарија, а на патувањето се приклучија и градоначалниците од селата на бугарската страна на Беласица.

И покрај пренесените позитивни искуства на студиското патување во ПП „Беласица" и долгогодишната заедничка работа на процесот, клучните страни одлучија дека Осогово најдобро ќе се развива економски преку развивање на рударството, а не преку прогласување на заштитен предел. Според нив, туризмот, освен зимскиот за кој имаат нови замисли, не е активност соодветна за нивниот регион. Градоначалниците сепак не ја исклучија можноста за заштита, иако би сакале тоа да бидат мали, за нив интересни локалитети. Претставниците на МЖСПП ги поддржаа локалните власти, особено заради тоа што тие, како што потенцираа, исто така внимаваат да не го кочат економскиот развој на Македонија.

На ова патување, делегацијата од Македонија имаше можност да ги слушне искуствата на градоначалникот на Општина Петрич и градоначалниците на беласичките села за функционирањето во рамките на паркот „Беласица" и неговото позитивно влијание врз економскиот развој на општините и државата воопшто, како и на квалитетот на живот на локалното население. Исто така, тие ја посетија и Управата на ПП „Беласица", каде што вработените им го презентираа работењето на Дирекцијата на паркот, начинот на управувањето со природните ресурси и проектите кои ги развиваат во рамките на паркот.

Вториот ден од патувањето беше работен дел за членовите на Коор-динативното тело, кога по стекнатите впечатоци, требаше да се дефинираат нивните ставови во однос на идната заштита на Осогово. На овој состанок, поголемиот дел од градоначалниците изразија неподготвеност за прогласување заштитен предел и биосферен резерват во брзо време, а спремност за ставање под заштита само на одделни локалитети од Осогово. Сите членови на Координативното тело се согласија дека процесот треба да продолжи, особено заради воспоставената соработка, што е од големо значење за нив.

Многу мал број од заштитените подрачја во Македонија се од пониска категорија на заштита (од IV – VI), иако истите се пропишани со Законот за заштита на природата. МЕД смета дека оваа состојба би се променила само доколку институциите го искористат позитивното искуство во однос на прогласувањето и управувањето на заштитените подрачја од државите во регионот и Европа.

Заедничка визија за идно прекугранично заштитено подрачје „Шара – Кораб"! стр. 2

Истражувањето со фотозамки потврди присуство на 9 различни единки на балкански рис во НП Маврово стр. 2

Проект „Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и инволвирање на засегнатите страни"

Заврши првата сесија од мониторингот со фотозамки на Осоговските Планини! стр. 4

Балканскиот рис ќе се истражува и во Косово и Црна Гора стр. 5

Обука за набљудување и заштита на египетскиот мршојадец стр. 6

Уште една успешно завршена сезона на кампањата Пролетта доаѓа! стр. 7

Нова публикација за состојба со птиците во Македонија стр. 7

Прошетка по пелистерскиот дел на Преспа, како дел од активностите на Преспа нет стр. 8

Одбележување на Меѓународниот ден на биодиверзитетот - 22 мај стр. 9

Едукативна научно-истражувачка акција – Кораб 2013 стр. 10

Светски конгрес на BirdLife International стр. 10

Да ја зачуваме нашата национална гордост – Шарпланинецот стр. 11

МЕД стана член на Меѓународниот Совет за ловство и зачувување на дивиот свет стр. 12

Иницијатива за воспоставување Балканска регионална еколошка мрежа стр. 12

## Заедничка визија за идно прекугранично заштитено подрачје „Шара – Кораб"!



Планинскиот масив Шара-Кораб заслужува да биде заштитено прекугранично подрачје поради исклучително богатиот биодиверзитет и уникатните предели со кои располага. За да се постигне таа цел изминативе шест месеци, МЕД во рамките на проектот „Развивање идни насоки за прекугранично заштитено подрачје Шар Планина - Кораб", координираше три средби меѓу засегнатите страни во Македонија, Косово и Албанија.

Последната средба се случи во Брод, Косово, каде 34 претставници од трите држави - градоначалници, претставници на националните паркови и невладините организации, потпишаа заедничка визија за Шара – Кораб како идно потенцијално прекугранично подрачје.

Со потпишувањето на оваа визија тие ја изразија својата поддршка и согласност за идна регионална соработка, која би вродила со прогласување на прекугранично заштитено подрачје, од кое главен бенефит пред сè би имало локалното население.

Постигнатите резултати од проектот, како и заедничката визија, ќе бидат презентирани на трилатералната конференција што ќе се одржи во Македонија во ноември 2013 година, каде е најавено присуство на министрите за животна средина од трите земји, претставници од Канцеларијата на УНЕП во Виена и Еуронатур.

euronatur | Federal Ministry for the Environment, Nature Conservation and Nuclear Safety | german cooperation DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT | МЕД MES

angelova@mes.org.mk

## Истражувањето со фотозамки потврди присуство на 9 различни единки на балкански рис во НП Маврово



Вкупно 60 слики од 9 различни единки на балкански рис, сликани на 13 различни локации се резултат од систематското истражување со фотозамки спроведено од тимот на МЕД во периодот од март до мај 2013 година на територијата на Националниот парк Маврово и неговата поблиска околина.

Споредено со претходните вакви истражувања во НП Маврово, добиени се најголем број фотографии и позитивни локации каде досега е утврдено присуството на рисот.

Споредувајќи ги резултатите од сите три досега спроведени истражувања со фотозамки во НП Маврово, може да се забележи дека постои тренд на благо зголемување на големината на популацијата и нејзината густина. Но, ова сè уште се процени што треба да се потврдат преку продолжување на активностите за мониторинг на рисот и во иднина, за да се добие вистинската слика со состојбата на рисот во НП Маврово.

Покрај рис, за време на истражувањето беа направени и 1727 фотографии од други видови крупни цицачи присутни во НП Маврово. Најмногу фотографии имаше од див зајак, јазовец, лисица, куна, кафеава мечка, срна, дива свиња, волк, дива мачка, дива коза и од обичен елен.

stojanov@mes.org.mk

## Проект „Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и инволвирање на засегнатите страни"

Со традиционална музика, носии, домашна храна, куклена претстава за најмладите и проекција на документарниот филм „Очите на Шара", се одбележа завршниот настан на проектот за промоција на природните вредности на Шар Планина, кој се одржа на 25 мај на Попова Шапка. На настанот беа презентирани сите реализирани проекти како дел од програмата за мали грантови.



Пред околу 100 присутни се обратија претседателот на МЕД, Љупчо Меловски, Габриел Швадерер од Еуронатур и Клаудија Домел од ДБУ. Координаторот на проектот, Диме Меловски, ги презентираше постигнатите резултати на сите организации на кои им беа доделени мали грантови.



Како дел од малите проекти кои беа реализирани оваа година вредат да се напомнат: ликовната изложба во основното училиште „Андреа Савески – Киќиш", промоција на природните убавини на Шара од страна на месната заедница во село Варвара, изложбата на фотографии под името „Најдоброто од Шара" и други.

Проектот „Промоција на природните вредности на Шар Планина преку едукација за животната средина и вклучување на засегнатите страни" беше спроведен од страна на МЕД како национален координатор, Центарот за развој и унапредување на јавниот живот - ЦРУЈЖ од Тетово како локален партнер, со меѓународна соработка на долгогодишниот германски партнер на МЕД - Еуронатур и финансиска поддршка од германската фондација ДБУ.




Се надеваме дека оваа активност на МЕД, ќе ја доближи идејата за прогласување на Шар Планина за национален парк до локалното население. Со тоа ќе се увидат новите можности за бенефит од заштитените подрачја во смисла на одживливо користење на природните ресурси, еко-туризам и слично и нивното огромно значење.

MEΔ MES
euronatur
DBU
Deutsche Bundesstiftung Umwelt

melovskid@mes.org.mk

# Заврши првата сесија од мониторингот со фотозамки на Осоговските Планини!

Во рамките на проектот „Прекуграничен биосферен резерват Осогово меѓу Македонија и Бугарија", кој е продолжение на проектот „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас", беше спроведен мониторинг на целни видови (крупни цицачи) со методот на поставување фотозамки, во периодот од април до јуни.



Во мониторингот, покрај членовите на проектниот тим и експертите за мониторинг на балканскиот рис, беа вклучени претставници на ловните друштва од регионот и Јавното претпријатие „Македонски шуми". Пред започнување на сесијата, беа спроведени три обуки за ракување со камерите и значењето на мониторингот. Претставниците од ловните друштва и шумските стопанства од регионот беа запознаени со начинот на работа и методот за следење на крупните цицачи со фотозамки, улогата на крупните цицачи во синџирот на исхрана и потребата од соодветна заштита и управување со популациите на теренот. Со цел да се поттикне унапредување на ловот во регионот, беа презентирани и неколку добри примери за одржлив лов спроведени во Норвешка. Во текот на сесијата, беа поставени 13 фотозамки на различни локалитети и типови на живеалишта на Осоговските Планини, со цел да се утврди присуството и распространувањето на крупните цицачи.



Од досега обработените фотографии, потврдено е присуството на срна, волк, лисица, дива мачка, јазовец, куна, дива свиња, еж, зајак, верверичка и други животни. Покрај, регистрираните видови очекуваме да се утврди и присуството на рис и мечка кои се среќаваат во бугарскиот дел од територијата на Осогово. Востановеното присуство на дел од крупната фауна, само го потврдува значењето на Осоговските Планини како коридор за движење на дивите видови.

Планирано е мониторингот да продолжи во зимскиот период, а новите податоци да ја комплетираат вистинската слика за состојбата со цицачите на Осогово. Досегашното искуство од соработката со ловните друштва и шумарскиот сектор се покажа многу корисно, па затоа и следната сесија ќе биде спроведена со заедничко вклучување. МЕД им се заблагодарува на сите учесници за нивниот ангажман и ентузијазам, без кој оваа активност немаше да биде толку успешно спроведена.

kitanova@mes.org.mk
jordanovska@mes.org.mk

# Балканскиот рис ќе се истражува и во Косово и Црна Гора

**Конечно тимот кој работи на програмата за закрепнување на балканскиот рис во Македонија и Албанија доби свои партнери во Косово и Црна Гора.**







Програмата за закрепнување на балканскиот рис одсега ќе се спроведува и во Косово и Црна Гора од страна на невладините организации Finch (НВО за заштита на птици и природа) и ERA (Environmentaly responcible actions) како и невладината организација Центар за заштита и проучување на птиците CZIP и Јавното претпријатие Национални паркови на Црна Гора.

Ова беше дефинирано на еднонеделната обука за јакнење на капацитетите којашто се одржа во Валбона, Албанија по којашто следеа серија обуки наменети за новите партнери од овие земји со цел подобро запознавање со проектот БЛРП, екологијата и биолоијата на рисот и неговиот плен, со методите за мониторинг и значењето на заштитените подрачја.

Тимот продолжи со планирање на сесијата за основни истражувања (Baseline survey) во Косово и Црна Гора, каде преку анкетирање на локалното население ќе се дознае повеќе за состојбата на рисот и останатите крупни цицачи во овие две соседни држави. Дел од учесниците имаа можност и да спроведат тест анкети на локалното население од селото Валбона. Со тренингот беа опфатени и две прошетки по фасцинантниот предел на Проклетие, во текот на кои беа одржани неколку презентации во природа, за значењето на биодиверзитетот при прогласување на заштитени подрачја. Воедно, беа поставени неколку фотозамки заедно со локалните членови на мониторинг мрежата на БЛРП во Албанија.

Следните две обуки ќе се спроведат до крајот на оваа година во Црна Гора и Косово. Обуката планирана за Црна Гора која ќе се реализира при крај на октомври, ќе биде насочена кон обработка на резултатите од основното истражување спроведено во двете новоключени држави.

KORA euronatur BfN

ivanov@mes.org.mk

# Обука за набљудување и заштита на египетскиот мршојадец

Претставници на еколошки организации од пет балкански земји од 29 јули до 3 август 2013 година учествуваа на меѓународна обука за теренски методи во работење со египетскиот мршојадец во регионот којашто се одржа во селото Горно Поле на падините на планинскиот масив Источни Родопи во Бугарија.



Целта на обуката беше да се разменат најновите информации за египетскиот мршојадец на Балканот како и информации од Судан каде балканската популација мигрира за време на зимата.

Теренската работа вклучуваше обука за набљудување на гнезда, заштита на гнезда, дополнително хранење, земање примероци и поставување на сателитски предаватели на птиците.



За време на обуката, осум младенчиња египетски мршојади беа симнати од гнездо и им беа земени примероци од крв и пердуви за анализа, а на седум од нив им беа поставени и сателитски предаватели. Сите учесници имаа можност директно да учествуваат во активностите со цел искуството да го пренесат и во нивните земји.

Експерти од Велика Британија и Судан беа дел од обуката којашто се одржа во рамки проектот LIFE + „Враќањето на Неофрон“ како и проектот за градење на капацитети за поддршка на заштитата на миграторните египетски мршојадци финансиран од УНЕП.



ksenipu@yahoo.com.mk

## Уште една успешно завршена сезона на кампањата Пролетта доаѓа!

Благодарение на големиот интерес на сите млади учесници, Македонија се рангираше на 4 место по број на пријавени птици во Европа и Африка. Нашата веб страна регистрираше над 2000 пријавени птици од кои најмногу селски ластовички.

Оваа година кампањата беше прославена со два големи настана. Првиот беше прогласувањето на Чешиново - Облешево за Европско село на штрковите за 2013 година, признание што го доделува германската организација ЕуроНатур, а кое досега го имаат добиено Пентово од Полска, Цигоч од Хрватска, Белозем од Бугарија и Алтро од Швајцарија.

Вториот настан беше големиот птичарски пикник кој се одржа во Демир Хисар, а во кој учествуваа децата од основното училиште „Гоце Делчев" заедно со нивните наставници. Пикникот беше можност децата да научат повеќе за птиците преселници кои најчесто ги гледаат во нивниот крај, но и да играат нови „птичарски" игри.

До наредната година ни останува само да го следиме специјалниот часовник на http://www.springalive.net/ со кој ќе се означи почетокот на пролетта во Африка кога ќе можеме да следиме како нашите преселни птици стигаат на далечниот југ.





ksenipu@yahoo.com.mk

## Нова публикација за состојба со птиците во Македонија

Во рамките на проектот **„Состојбата со птиците во светот"** кој е координиран од BirdLife International и со финансиска поддршка на Фондацијата „Aage V. Jensen Charity Foundation" се изработи и објави публикацијата „Состојба со птиците во Македонија".




Според водечкиот автор на публикацијата Методија Велевски, оваа публикација претставува стручно-популарно издание кое дава краток историски преглед на развојот на орнитологијата во Македонија, укажува на степенот на проученост на нејзината орнитофауна, а неговиот главен дел се однесува на статусот, трендот и бројноста на птиците во Макеоднија, прикажани во национално, европско и глобално светло. Покрај тоа, во публикацијата се прикажани и најважните закани и активности за заштита на птиците во Македонија.

Публикацијата е достапна за сите членови на МЕД, а се наоѓа и на интернет страницата на Друштвото. Се надеваме дека таа ќе значи понатамошен развој на орнитологијата во Македонија и ќе иницира поефикасни мерки за заштита на најзагрозените видови птици.

BirdLife INTERNATIONAL    AAGE V. JENSEN CHARITY FOUNDATION    МЕД MES

velevski@mes.org.mk
ksenipu@yahoo.com.mk

# Прошетка по пелистерскиот дел на Преспа, како дел од активностите на Преспа нет

Претставници на МЕД, Асоцијацијата за заштита и зачувување на природната животна средина во Албанија (ППНЕА) и Здружението за заштита на Преспа (СПП), како дел на веќе формираната мрежа - Преспа нет, повторно се сретнаа на почетокот на јуни 2013 година, на македонскиот дел од преспанскиот регион. Целта на средбата беше запознавање со природното богатство на преспанскиот регион во делот опфатен со падините на планината Баба. Во текот на три последователни дена, беа посетени повеќе интересни локации, Големото и Малото Езеро, а дел од учесниците и покрај нестабилните временски услови успеаја да се искачат до врвот Пелистер. Средбата на учесниците заврши крај брегот на Преспанското Езеро, со прошетка низ исклучително впечатливите преспански села Брајчино, Дупени, Љубојно и Отешево.

Оваа неформална средба, само покажува дека трите невладини организации покажуваат огромен интерес и ентузијазам за идно заедничко дејствување во преспанскиот регион, преку детално проучување и запознавање, сè со цел, заштита и промоција на неговото природното богатство. Планирано е следната средба на членовите на Преспа нет да биде организирана во преспанскиот регион во Албанија.

arsovska@mes.org.mk




МЕД MES

SOCIETY FOR THE PROTECTION OF PRESPA

1991

## Одбележување на Меѓународниот ден на биодиверзитетот - 22 мај

МЕД со изложба на детски цртежи, прикажување на документарните филмови за биодиверзитетот во Македонија, како и саем на локални производи и храна го одбележа Светскиот ден за заштита на биолошката разновидност, во Отешево крај Преспанското Езеро.

На настанот пред присутните се обратија заменик-министерот за животна средина господинот Стево Темелковски и градоначалникот на општина Ресен, господинот Ѓоко Стрезовски. Прославата беше збогатена со презентации за вредностите и значењето на биолошката разновидност во регионот и проектот за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план, како и куса прошетка во природа.

Сите спроведени активности придонесоа кон реализирање на главната цел на оваа активност - да се истекне значењето на биолошката разновидност, да се подигне нивото на јавната свест за зачувување на биолошката разновидност на регионално и на глобално ниво, но и продолжување на иницијативи за здружување на постојните потенцијали и напори за заедничко исполнување на оваа цел.

Инаку подготвителниот период опфаќаше спроведување низа едукативни предавања во сите училишта во регионот, комуникација со локалното население, локалните владини и невладини организации, со цел да се претстави главниот концепт на меѓународната иницијатива, преку истакнување на важноста на биолошката разновидност, како на глобално така и на национално ниво, но и поттикнување за нивно активно учество во целиот процес. За промовирање на целата иницијатива беа изработени леток, постер и беџеви со знаменити видови од регионот.

Целата проектна активност беше организирана од страна на МЕД, реализирана со поддршка од Германското друштво за меѓународна соработка - Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) и под покровителство на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Одбележувањето на Меѓународниот ден на биодиверзитетот беше дел од активностите предвидени со проектот „Зачувување и одржливо искористување на биолошката разновидност на Преспанско, Охридско и Скадарско Езеро", кој го спроведува GIZ. Слични настани под мотото „Размислувај регионално, делувај регионално" беа организирани и во Албанија и Црна Гора.








МЕД MES

giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Република Македонија

arsovska@mes.org.mk

## Едукативна научно-истражувачка акција – Кораб 2013

Деветнаесеттата едукативно научно-истражувачка акција на Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) годинава се одржа на планината Кораб во периодот од 08-22 јули. На акцијата учествуваа 25 студенти од Институтот за биологија при Природно математичкиот Факултет во Скопје, 5 студенти од сродните факултети од Србија, Хрватска и Босна и Херцеговина како и гости од Бугарската академија на науките и Белградскиот Универзитет.

Активностите на теренот се одвиваа во рамките на 11 биолошки области под менторство на стручниот и професорски кадар од Природно-математичкиот факултет од Скопје. За време на акцијата студентите се стекнаа со нови вештини и знаења, искуства за работа на терен, пред сè: стекнување со знаење каде да се бара истражуваната група организми, следење на состојбата на станишта, начини на собирање материјал и постапка за конзервирање на материјалот. По завршувањето на акцијата, натамошната обработка и детерминација на материјалите се спроведе на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Одржувањето на научно-истражувачката акција на ИДСБ - Кораб 2013, беше овозможено благодарение на посветеноста на студентите биолози - членови на претседателството на ИДСБ. Финансиски, акцијата беше поддржана од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Општината Гази Баба – Скопје и Комерцијална Банка АД Скопје и други донатори. Македонското еколошко друштво и оваа година обезбеди организациска и логистичка поддршка при реализација на научно-истражувачката акција на ИДСБ.

За повеќе информации околу истражувачката акција на ИДСБ- Кораб 2013, посетете ја интернет страницата на друштвото на биолози www.idsb.org.mk



## Светски конгрес на BirdLife International

Македонското еколошко друштво учествуваше на Светскиот конгрес на BirdLife International кој се одржа во Отава, Канада од 19 до 22 јуни и на него учествуваа сите партнери на оваа организација од над 120 земји. Конгресот беше можност да се презентираат достигнувањата на партнерството и да се прослави неговото постоење (http://www.youtube.com/watch?v=41T-K2a_Hew&), да се презентира новата стратегија за свет богат со биодиверзитет, за луѓето и птиците како и да се претстават новите публикации „Состојбата со птиците во светот“ и „Спасувањето на најзагрозените птици во светот“.

Фокусот на овој конгрес беше насочен кон иднината на глобалното партнерство и различните улоги на сите организации кои се дел од него. Дополнително беа нагласени потребите од размена на локални искуства како најсигурен пат до успех, потребата од млади активисти и постојана работа со ретките видови птици.

ksenipu@yahoo.com.mk

# Да ја зачуваме нашата национална гордост – Шарпланинецот

## Проект „Карактеризација на биолошка разновидност на шарпланинецот, негова дисперзија и реинтродукција во рурални подрачја и одгледувачи на расата“

Главната цел на проектот е зачувување на расата односно зачувување на биолошката разновидност на шарпланинецот преку дисперзија и реинтродукција на грлата во рурални средини.




Реализацијата на оваа цел ќе биде придружена со соодветни активности кои би ги дефинирале идните насоки за развој и одржување на расата но и би го карактеризирале геномот на кучето со цел да се идентификува неговата уникатност и специфичност.

Проектот е со времетраење од 15 месеци а се спроведува во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна. На 7 јули 2013 година, во просториите на ФЗНХ се одржа и првата работилница на која што беа претставени првичните резултати.

На работилницата учествуваа претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставник од ГЕФ ПМГ Македонија, универзитетски професори, студенти, Кинолошки сојуз на Македонија, невладин сектор и одгледувачи на расата. На присутните им беа презентирани резултатите од спроведените активности односно земените телесни мерки од типичните претставници на расата, собраниот биолошки материјал за анализа, направената идентификација на идните родителски парови, донирањето на кучињата како и новоформираните регионални центри на одгледувачи на расата.



Проектот финансиски е поддржан од Програмата за мали грантови на ГЕФ Македонија и Фондација Институт отворено општество-Македонија.

todorovska@mes.org.mk

gef
SGP The GEF Small Grants Programme
UNDP

## МЕД стана член на Меѓународниот Совет за ловство и зачувување на дивиот свет

Македонското еколошко друштво во мај 2013 година стана член на Меѓународниот Совет за ловство и зачувување на дивиот свет (The International Council for Game and Wildlife Conservation - CIC). Советот е политички независно советодавно тело, чија активност се спроведува на меѓународно ниво, а се залага пред сé, за одржливо ловство, преку размена на знаења, вмрежување, вреднување на традиции и зачувување на природата. Присутен е во повеќе од 80 земји и активен во различни области, како што се зачувување и управување со миграторните птици, крупен дивеч, тропски дивеч, но се занимава и со прашањата поврзани со заштитата на животната средина и промовирање на културното наследство. Членството се состои од поединци, организации кои се занимаваат со ловство, како и влади најчесто претставувани од страна на министерството кое е надлежно за управување со дивиот свет.
Повеќе информации можете да најдете на http://www.cic-wildlife.org

## Иницијатива за воспоставување Балканска регионална еколошка мрежа

Балканот има извонредно богат биодиверзитет - голем број на ендемични видови како и видови од Европско или глобално значење. За жал, голем број од нив се веќе загрозени, а на други им се заканува опасност од исчезнување. Состојбата е таква поради константното и зголемено човечко влијание најчесто во форма на зголемена урбанизација, забрзан развој на патната и енергетската инфраструктура, интензивното земјоделско производство итн.

Уникатниот биодиверзитет на Балканот е богатство кое им припаѓа на земјите од регионот и неговата заштита исто така треба да биде нивна заедничка одговорност.

Со цел да се постави основата за функционална регионална еколошка мрежа, МЕД во соработка со партнерите Еуронатур и Европскиот центар за заштита на природата, спроведе иницијални анализи преку собирање на досегашното знаење и капацитети, картирање на постоечките заштитени подрачја и воспоставување на мрежа на експерти во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија). Анализите беа направени во периодот ноември 2012 до јули 2013 година, во рамките на проектот „Реализација на Балканската регионална еколошка мрежа“ финансиран од МАВА фондацијата.

Проектниот тим и националните експерти ги разгледаа националните извештаи на заедничката работилница што се одржа во Маврово во мај 2013 година. На работилницата се дискутираше и методологијата за развивање на идна еколошката мрежа.

Резултатите од овој проект ќе дадат основа за воспоставување кохерентна и функционална еколошка мрежа (со заштитени подрачја како нејзина основа и дефинирани коридори кои ќе и овозможат да̀ функционира), целосно интегрирана во секторите за планирање на намената на земјиштето и ефикасна за приспособување кон климатските промени во Балканскиот регион.

Инаку оваа иницијатива следи по Мавровската декларација потпишана во јуни 2010, кога голем број министри и високи претставници од Балканот кои се одговорни за животната средина, се согласија заедно да дејствуваат во насока на зачувување на биодиверзитетот. Воспоставување на кохерентна еколошка мрежа во регионот, подигање на јавната свест кај сите засегнати страни за значењето на биодиверзитетот како и промовирање на меѓусекторски пристап за зачувување на биодиверзитетот беа главните точки во Декларацијата.

brajanoska@mes.org.mk

Бул. Кузман Јосифовски-Питу бр. 28/3-7, 1000 Скопје, тел: 02 2402 773, факс: 02 2402 774
contact@mes.org.mk www.mes.org.mk